**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403- 577/5**
**Скопје, 11.12. 2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Македонска Каменица за 2007 година, кои се прикажани на страните од 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Македонска Каменица за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Перо Митревски - Градоначалник на Општина Македонска Каменица во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 6 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 02.09. до 15.09.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија .

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Во текот на 2007 година Општина Македонска Каменица има исплатено средства во висина од 35 илјади денари за помош на социјално загрозени лица.
Општината нема Програма за активностите во областа на социјалната заштита во 2007 година, исто така нема донесено и акт за доделување средства за помош со утврдени критериуми и постапки во однос на видот на помошта (во кои случаи и за какви намени се доделуваат средствата), висината на доделената помош, начинот на обработка на барањата. Непостоењето акт со утврдени критериуми за користење и доделување средства за социјална заштита создава можност за субјективност во одлучувањето за доделување средства, нееднаков третман на лицата кои поднеле барање за ист случај, нетранспарентност и ненаменско користење на средствата.

10.1.2. Во текот на 2007 година од позицијата Субвеници и трансфери од Буџетот на Општина Македонска Каменица се исплатени 121 илјади денари по основ на трансфери до невладини организации, друштва и здруженија на граѓани.
За трансферираните средства нема Програма со утврдени цели и активности. Одобрувањето на овие средства се врши по поединечни барања во кои се наведува намената на бараните средства, без претходно распишан оглас за распределба на средствата и без утврдени критериуми. Не се бара Годишна програма на барателите, како и повратно известување за намената за која средствата се искористени.
Ваквото постапување не е во согласност со Законот за здруженијата на граѓани и фондации.
Непостоењето на акт со утврдени критериуми, како и необјавувањето оглас за доделување средства создава можност за субјективност во одлучувањето, фаворизирање на одредени корисници, нетранспарентност и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Одделението за правни и општи работи да изготви, а Советот на општината да донесе акт во кој ќе се утврдат критериумите и постапката за доделување на средства за:
- парична помош на физички лица и,
- за финансирање невладини организации, друштва и здруженија на граѓани.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Во Општина Македонска Каменица не се воспоставени сметководствени политики и начела за евидентирање на залихите на материјали, поткрепено со соодветни документи за прием и издавање на истите. Општината нема лице надлежно за ракување со залихите, со што се губи увидот за истите.
Наведеното доведува до:

- евидентирање по основ на некомплетни документи;
- нереално и необјективно искажување на залихите во Билансот на состојба.

Поради невоспоставена сметководствена и материјална евиденција на залихите на материјали, на крајот на годината не е извршен попис и не е извршено усогласување на фактичката и сметководствената состојба, што не е во согласност со одредбите од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.
Во недостиг на евиденција и воспоставени контролни постапки, зголемена е можноста од ненаменско користење на материјалите.

**Препорака:**
Набавката на материјали да се регулира со општ акт/пишани процедури со дефинирање на начинот на евидентирање на залихите, процесот на набавка почнувајќи од утврдувањето на потребата за набавка, приемот на материјалите, следењето на договорите за набавка во однос на цените и количините, издавањето на материјали и пописот на крајот на годината.

10.2.2. Општина Македонска Каменица нема утврдено сметководствена политика за евидентирање на издавањето и користењето на „верна картичките„. Истите не се евидентираат како Побарувања од вработените за дадени аванси и на соодветната пасивна сметка, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. На овој начин се создаваат услови за ненавремено раздолжување на лицата кои подигнале „верна картички„ и придонесуваат до нереално проценување на билансните позиции.

**Препорака:**
Градоначалникот да донесе интерен акт со кој ќе се утврдат можните корисници на Верна картички, а за користењето на истите надлежните од сметководството да воведат соодветна сметководствена евиденција.

**10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.3.1. Општина Македонска Каменица во 2007 година со договор на дело има ангажирано лица за извршување на работи и работни задачи предвидени со Правилникот за ситематизација на работните места на општинската администрација, што е спротивно на Законот за работни односи. На овие лица во 2007 година е исплатен надоместок во износ од 425 илјади денари за кој е пресметан и платен персонален данок на доход. Надлежните во општината, биле должни ангажирањето на овие лица да го усогласат со одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во Билансот на приходи и расходи за 2007 година.

**Препорака:**

Постапките за вработување на неопределено и определено работно време да се реализираат согласно законските прописи кои ја регулираат оваа област.

10.3.2. Во Општина Македонска Каменица во 2007 година вршени се набавки на градежни и електро материјали (живини сијалици, арматура, граѓа, црево, цемент, керамиди) во вкупен износ од 219 илјади денари. Набавката на градежни и електро материјали и немањето материјална евиденција за истите е спротивно на Законот за локална самоуправа и Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за оваа појава е воспоставената долгогодишна пракса. Несоодветното ракување со залихите на материјали може да доведе до зголемени трошоци и ненаменско трошење на истите.

**Препорака:**
Уредувањето, изградбата, одржувањето на инфраструктурните објекти за кои е задолжена општината да се довери на субјекти избрани со постапки утврдени со Законот за јавни набавки.

**10.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.4.1. Општина Македонска Каменица во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/40 од 08.02.2000 година, за пренесување право на сопственост за недвижен имот од Република Македонија на Општина Македонска Каменица врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија. Во врска со имотот со кој располага и е сопственост на општината, обезбедени се имотни листи од Републичката геодетска управа, но проценка на вредноста на имотот не е извршена и истиот не е евидентиран во сметководството. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства во Билансот на состојба на 31.12.2007 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината.

**Препорака:**
Градоначалникот да формира Комисија која согласно Методологијата ќе изврши проценка на вредноста на имотот за кој се обезбедени имотни листи, а надлежните од сметководството да извршат евидентирање на материјалните средства сопственост на општина Македонска Каменица.

10.4.2. Искажаната состојба на позицијата Материјални средства во делот на Опремата во Билансот на состојба на 31.12.2007 година не е реална, поради не евидентирана опрема во сметководството. За таа опрема извршен е попис, утврдени се количини но поради тоа што за истите не е утврдена набавната – пазарната вредност не се евидентирани во сметководството и се јавуваат како вишок на материјални средства. Ваквото постапување е спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално искажана состојба во Билансот на состојба за 2007 година.

**Препорака:**

Градоначалникот да формира комисија која ќе ја утврди пазарната вредност на овие средства, а Советот на општината на предлог на комисијата да донесе Одлука за евидентирање на истите во сметководството.

10.4.3. Позицијата Побарувања во Билансот на состојба е проценета на износ од 261 иљади денари кои потекнуваат по следните основи:

- Општина Македонска Каменица во постапка на лицитација има продадено патничко моторно возило за износ од 190 иљади денари во месец ноември 2006 година. Во одредбите од договорот е наведено дека купувачот му ја исплатил на продавачот договорената цена пред потпишувањето на договорот кај надлежен нотар. Спротивно на одредбите од договорот, општина Македонска Каменица побарувањето по овој основ го наплатила во 2008 година, односно приходот го остварила со закаснување повеќе од една година.
- Побарувањето од 71 иљада денари потекнува од 1997 година и произлегува од кусок на парични средства во благајната. Спротивно на записникот број 05-46 од 28.02.1998 година за регулирање на недостатокот на средства во благајната на општина Македонска Каменица, склучен помеѓу благајникот и општината со кој благајникот се обврзува недостатокот на парични средства да го врати во рок од три месеци од потпишувањето на записникот, кусокот е надоместен во 2008 година.

Постапувањето спротивно на донесените акти од страна на надлежните во општината создава можност за ненавремена наплата на побарувањата и недомаќинско располагање со средствата на општината овозможувајќи им на одредени лица незаконско кредитирање.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општина Македонска Каменица во функција на добар менаџер да се грижи за навремена наплата на побарувањата на општината.

**10.5. Неправилна примена на Законот за јавни набавки**

10.5.1. При увидот во спроведувањето на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки и тоа:

- кај дел од договорите склучени со најповолните понудувачи вредноста на договорениот износ е поголем од планираната вредност на набавката според Одлуката за јавна набавка, што е спротивно на член 12 од Законот ;
- извршени се набавки од мала вредност без постапка за јавна набавка во вкупен износ од 121 иљада денари (Прилог 1).

Неспроведувањето на постапките за јавни набавки согласно законската регулатива создава можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен понудувач, нетранспарентност при склучување на договорите.

**Препорака:**
Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки и подзаконските акти во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

**10.6. Ненаменско користење на средствата**

10.6.1. Општина Македонска Каменица има набавено патничко возило за потребите на општината по договор за лизинг на износ од 1.784 иљади денари. На име учество платен е износ од 357 иљади денари, а остатокот од 1.427 иљади денари, кој се состои од остаток на главен долг од 1.070 иљади денари и камата во износ од 357 иљади денари е договорено да се плати на 72 месечни рати почнувајќи од месец септември 2007 година.

За набавка со долгорочно задолжување не се исполнети одредбите од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и Законот за локална самоуправа. Непочитувањето на законските одредби во делот на задолжување на општината придонесува да општината се доведе во состојба да не може да ги остварува своите основни функции и да се задолжи спротивно на законските прописи.

**Препорака:**

Со оглед на скромниот Буџет на Општината, како и задолженоста од минати години и блокираната сметка, Општината средствата од Буџетот да ги користи првенствено за разрешување на работите од јавен интерес.

11. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата е зголемување на вредноста на материјалните средства и вредноста на државниот капитал во Билансот на состојбата за 8.012 иљади денари.

12. Според наше мислење, освен за наодите изнесени во точките 10.2. и 10.4. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на општина Македонска Каменица на ден 31 декември 2007 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за наодите изнесени во точките 10.1., 10.3.2.,10.5. и 10.6. кај сметката на Органот на Општина Македонска Каменица е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Скопје, 01.12.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**ОРГАН НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 26.766 | 12.114 |
| **Вкупно приходи** | | **26.766** | **12.114** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 6.020 | 3.655 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 120 | 305 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 5.115 | 2.917 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 952 | 459 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 35 | 56 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **12.242** | **7.392** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 14.524 | 4.722 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **14.524** | **4.722** |
| **Вкупно расходи** | | **26.766** | **12.114** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2007 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања | 4.1.1. | 260 | 260 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 20.221 | 20.058 |
| **Вкупно тековни средства** | | **20.481** | **20.318** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 14.632 | 406 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 14.603 | 12.374 |
| **Вкупно постојани средства** | | **29.235** | **12.780** |
| **Вкупна актива** | | **49.716** | **33.098** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 19.625 | 19.324 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 136 | 160 |
| Обврски спрема државата и други институции | | 0 | 22 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | | 0 | 1 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 460 | 551 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 2.044 | 260 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **22.265** | **20.318** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 27.451 | 12.780 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **27.451** | **12.780** |
| **Вкупна пасива** | | **49.716** | **33.098** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **12.780** | **-** | **12.780** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | 117 | - | 117 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 455 | | 445 |
| Пренос од средства во подготовка | 14.204 | | 14.204 |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| Расходување | | | - |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Отпис на капитални средства | | | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | - |
| Амортизација | 95 | | 95 |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **27.451** | **-** | **27.451** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*